# Упатство за постапка за издавање на документи за оцена на влијанието на проектите врз животната средина

Согласно член 24 од Законот за животна средина, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), (Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/05, 109/09, 164/12 и 202/16), Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/12) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/12).

Согласно горенаведните законски и подзаконски акти се издава еден од следниве документи со кои се оценува исполнување на националните стандарди по однос на заштита на животната средина:

1. **Елаборат за заштита на животната средина;**
2. **Студија за оцена на влијанието врз животната средина;**
3. **А Интегрирана еколошка дозвола;**
4. **Б Интегрирана еколошка дозвола.**

***Напомена:***

- *Издаденитот документ од горенаведените 4 документи треба да се однесува на Барателот (целото Земјоделско стопанство или правно лице).*

## 1. Постапка на поднесување на Барање за издавање на Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина (Министерство за животна средин и просторно планирање - МЖСПП или надлежната Единица на локална самоуправа - ЕЛС)

Барање за издавање на Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина се поднесува доколку барателот планира инвестиции (проекти) согласно со Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/12) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/12).

Доколку планираната инвестиција/проект по ИПАРД Програмата соодветствува на дејностите за кои е потребно изработка на Елаборат за заштита на животната средина надлежна институција е (МЖСПП или надлежната ЕЛС).

Со цел добивање на Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина, барателот пред Сектор за животна средина, Управа за животна средина при МЖСПП или ЕЛС каде е лоцирана или се планира инвестицијата ги поднесува следниве документи:

- **Барање**

***Напомена:*** *Унифициран образец на Барање за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина, не постои.*

- **Изработен Елаборат во печатена верзија – (3) три оригинали;**
- **Изработен Елаборат во електронска верзија.**

*(Изготвен согласно Правилник за елаборати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/13).*

***Напомена:*** *Потребната документација се доставува во оригинал.*

Сектор за животна средина, Управа за животна средина при МЖСПП или надлежната Единица на локална самоуправа по приемот на Барањето со потребната документација во рок од 15 дена одлучува по однос на поднесеното барање и издава еден од долунаведените документи:

- Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина (Прилог 1) или
- Решение за одобрување на Студија за оцена на влијанието врз животната средина (Прилог 2)
- Известување/Мислење дека за тој вид на инвестиција/проект не е потребно изготвување на Елаборат за заштита на животна средина (Прилог 3)

***Напомена:*** *Доколку барателот не достави комлетна документација, надлежниот орган го информира барателот за потребата од докомплетирање на документацијата, и во тој случај постапката продолжува за дополнителни 15 дена.*

2. **Постапка на поднесување на Барање (Известување за намера) согласно Правилникот за информациите што треба да ги содржи известувањето за намера за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06) за издавање на Решение за одобрување на Студија за оцена на влијанието врз животната средина**

Барање (Известување за намера) согласно Правилникот за информациите што треба да ги содржи известувањето за намера за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06) за издавање на Решение за одобрување на Студија за оцена на влијанието врз животната средина се поднесува доколку барателот планира инвестиции (проекти) согласно со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/05, 109/09 и 202/16).

Со цел добивање на Решение за одобрување на Студија за оцена на влијанието врз животната средина, барателот преку архива (писарница) до Сектор за животна средина, Управа за животна средина при МЖСПП ги доставува следниве документи:

- **Известување за намерата за спроведување на проектот / инвестицијата, согласно Правилникот за информациите што треба да ги содржи известувањето за намера за изведување на проектот и постапката за**

**утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06)**

- **Барање за утврдување на обемот на студијата за Оценка на влијание врз животната средина – ОВЖС.**
  https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/Pravilnik%20za%20sodrzinata%20na%20baranjeto%20sto%20treba%20da%20gi%20ispolnuva%20studijata%20za%20OV%20na%20proektot%20vrz%20ZS.pdf

  - Во рок од 5 дена од комплетирањето на барањето, се врши објава на барањето во најмалку еден дневен весник достапен на цела територија на Република Северна Македонија;
  - Во рок од 30 дена од објавување на барањето за ОВЖС, јавноста може да ги достави своите мислења и ставови;
  - На барање на јавноста, инвеститорот е должен да организира јавна расправа;
  - Во рок од 30 дена МЖСПП издава Решение за спроведување на постапка за потреба од оценака на влијанието врз животната средина (ОВЖС);
  - Согласно добиеното Решение, Инвеститорот подготвува Студијата за оценка на влијание врз животната средина и ја доставува до МЖСПП.
  - Доклку се оцени дека Студијата за оцена на влијанието врз животната средина е соодветна, во рок од 40 дена МЖСПП издава Решение за одобрување на студијата (Прилог 3).

## 3. Постапка на поднесување на Барање за издавање на А Интегрирана еколошка дозвола – А-ИЕД пред Сектор за Интегрирано спречување и контрола на загадување, Управа за животна средина при МЖСПП

Доколку планираната инвестиција/проект по ИПАРД Програмата соодветствува на дејностите за кои е потребна А Интегрирана еколошка дозвола, дефинирани со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија“ 89/05), надлежна институција е Сектор за интегрирано спречување и контрола на загадување, Управа за животна средина при МЖСПП.

Со цел добивање на Решение за одобрена А Интегрирана еколошка дозвола, барателот до Сектор за интегрирано спречување и контрола на загадување, Управа за животна средина при МЖСПП, преку (писарница/архива) на МЖСПП каде е лоцирана или се планира инвестицијата, ги поднесува следниве документи:

- **Барање за добивање на А Интегрирана еколошка дозовла (А-ИЕД)**
  *Барањето (образец) за добивање на А-ИЕД со форма и содржина која е пропишана од Министерот, како и другите документи кои треба да се доставаат по соодветна постапка се дефинирани на следниов линк:* http://www.moepp.gov.mk/?page_id=944

***Напомена:*** *Потребната документација се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.*

Согласно член 97 став 2 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. (53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина донесе заклучок за дополнување на барањето, рокот потребен за издавање на А-ИЕД започнува да тече од денот на прием на дополнетото барање со податоците наведен во заклучокот (рокот за достава на дополнување по заклучокот не смее да биде пократок од 15 дена).

- Во рок од 7 дена од комплетирањето на барањето, се врши објава на барањето во најмалку еден дневен весник достапен на цела територија на Република Северна Македонија;
- Во рок од 30 дена од објавување на барањето за А-ИЕД , јавноста може да ги достави своите мислења и ставови;
- На барање на јавноста, инвеститорот е должен да организира јавна расправа;
- Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 60 дена од истекот на крајниот рок во кој можат да се доставуваат мислења по барањето издава А-ИЕД, одлучува по однос на доставеното Барање за добивање на А Интегрирана еколошка дозовла (А-ИЕД).

## 4. Постапка на поднесување на Барање за издавање на Б Интегрирана еколошка дозвола (Б-ИЕД)

Доколку планираната инвестиција/проект по ИПАРД Програмата соодветствува на дејностите за кои е потребно Б Интегрирана еколошка дозвола дефинирани со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/05), надлежна институција е градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје, додека доколку е во заштитено подрачје надлежен е Сектор за интегрирано спречување и контрола на загадување, Управа за животна средина при МЖСПП.

Со цел добивање на Решение за одобрена Б Интегрирана еколошка дозвола, барателот до градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје и доколку е во заштитено подрачје до Сектор за интегрирано спречување и контрола на загадување, Управа за животна средина при МЖСПП, преку (писарница/архива) ги поднесува следниве документи:

- **Барање за добивање на Б Интегрирана еколошка дозвола (Б-ИЕД)**
  *Образец на Барањето за добивање на Б-ИЕД со форма и содржина која е пропишана од Министерот како и другите документи кои треба да се достават по соодветна постапка се дефинирани на следниов линк:* http://www.moepp.gov.mk/?page_id=944

***Напомена:*** *Потребната документација се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.*

- Доколку во барањето недостасуваат податоци, информации надлежниот орган може да побара со заклучок дополнување на барањето,
- Во рок од 7 дена од комплетирањето на барањето, се врши објава на барањето во најмалку еден дневен весник достапен на цела територија на Република Северна Македонија,
- Во рок од 30 дена од објавување на барањето за Б-ИЕД, јавноста може да ги достави своите мислења и ставови,
- МЖСПП во рок од 30 дена од истекот на крајниот рок во кој можат да се доставуваат мислења по барањето издава Б-ИЕД, одлучува по однос на доставеното Барање за добивање на Б Интегрирана еколошка дозовла (Б-ИЕД).

**Прилози:**

**Прилог 1 - Образец на Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина;**

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), постапувајќи по барањето на Индивидуален земјоделец за, одобрување на Елаборатот за заштита на животна средина број УП1-11/4-/2020 од 25.09.2020 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина**

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина, од 2020 година, изготвен од страна на инвеститорот за: Објект за одгледување на добиток, штала за молзни крави, за потребите на индивидуален земјоделец.
2. Од доставената документација констатирано е дека со работата на објектот за одгледување на добиток, штала за молзни крави нема да има значителни влијанија врз животната средина.
3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ работата се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за: Објект за одгледување на добиток, штала за молзни крави на за потребите на индивидуален земјоделец. Проектираниот капацитет ќе изнесува 12 молзни крави и 11 товеници (телиња и јунци).

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр.44/13 и 111/14), од страна на инвеститорот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**в.д. Директор на Управа за животна средина**
**u.d.Drejtor, Drejtoria për mjedis jetësor**

Изработил/Përpiloi:
Контролирал/Kontrolloi/ Согласен/Miratoi:

**Прилог 2 - Образец на Решение за одобрување на Студија за оцена на влијанието врз животната средина;**

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот: за потребите на инвеститорот од Скопје.

2. **Студијата** за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: од Скопје ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување со животната средина и мониторинг програмата.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Образложение**

Инвеститорот од Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 23.06.2020 година со број УП1-11/4-/2020 достави Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: ……..Студијата е изработена од од Скопје со одговорни лица за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина - овластени експерти за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, за потребите на инвеститорот од Скопје.

Со проектот се предвидува………………

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, ерозија, бучава, отпад, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, архелолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија и разгледани се можните алтернативни локации за изведба на проектот.

Согласно член 91 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) се одржаа 2 јавни расправи по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: во општина Демир Капија и Град Скопје на ден…….

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 33/06) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина.

Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

**в.д. Директор на Управа за животна средина**
**u.d.Drejtor, Drejtoria për mjedis jetësor**

Изработил/Përpiloi:

**Прилог 3 - Образец на Известување/Мислење дека за тој вид на инвестиција/проект не е потребно изготвување на Елаборат за заштита на животна средина;**

Арх.бр.УП1-11/4-/2020

Дата.______________

**ДО:**

**ПРЕДМЕТ :** Доставување на мислење

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење, кое се однесува за објект: Производство и пакување на мед, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

**МИСЛЕЊЕ**

Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање ја разгледа предметната документација и Согласно Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16), Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 74/05, 109/09, 164/12 и 202/16), Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.36/12) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината,градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/12), за горенаведениот проект **не треба** да се изготвува нов Елаборат за заштита на животна средина.

**в.д. Директор на Управа за животна средина**
**u.d.Drejtor, Drejtoria për mjedis jetësor**

Изработил/Përpiloi:

Контролирал/Kontrolloi/ Согласен/Miratoi:

**Прилог 4 - Образец на Барање за добивање на А Интегрирана еколошка дозовла (А-ИЕД) може да се преземе на следнив линк:** http://www.moepp.gov.mk/?page_id=944

**Прилог 5 - Образец на Решение за одобрена А Интегрирана еколошка дозвола може да се преземе на следнив линк:** http://www.moepp.gov.mk/?page_id=944;

**Прилог 6 - Образец на Барање за добивање на Решение за одобрена Б Интегрирана еколошка дозвола може да се преземе на следнив линк:** http://www.moepp.gov.mk/?page_id=944;

**Прилог 7 - Образец на Решение за одобрена Б Интегрирана еколошка дозвола може да се преземе на следнив линк:** http://www.moepp.gov.mk/?page_id=944.